# ЗАПИСНИК

од седницата на Годишното собрание на Карате федерацијата на Македонија, одржано на 20 февруари 2010 година

Седницата се одржа во просториите на Домот за хуманитарни организации „Даре Џамбаз“ во Скопје, со почеток во 11,00 часот.

Претседателот на КФМ Драган Стојановски ги поздрави присутните преставници на клубовите и го предложи, што беше едногласно прифатен од присутните делегати, следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
   - Верификациона комисија;
   - Записничар и
   - Оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Собранието на Карате федерацијата на Македонија, одржана на 31.10.2009 година;
3. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2009 до 31.12.2009 година;
4. Извештај на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2009 до 31.12.2009 година;
5. Финансов извештај на Карате федерацијата на Македонија за 2009 година и негово усвојување со завршната сметка, за периодот 01.01.2009 до 31.12.2009 година;
6. Разгледување и усвојување на Предлог за Изменување и дополнување на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на Македонија;
7. Прием на нови членови-клубови во КФМ;
8. Разно, предлози, прашања.

**Точка 1**

Претседателот на КФМ, Драган Стојановски, предложи работните тела на Собранието (верификациона комисија, записничар и оверувачи на записникот) да бидат во ист состав како на последното Годишното собрание.

Едногласно се усвоени следните предлози:

Верификациона комисија: Драган Грдановски, Атанас Филиповски и Неат Шефкети.

Записничар: Ивана Аврамова

Оверувачи на записникот: Шефи Речи и Коста Николовски.

По проверка на полномошната од присутните делегати Верификационата комисија поднесе извештај, според кој од 60 клубови со право на глас присутни се 56 клубови и констатира дека Собранието може полноважно да работи и одлучува.

**Точка 2**

Собранието, едногласно, го усвои Записникот од Собранието на КФМ, одржано на 31.10.2009 година.

**Точка 3**

Претседателот на КФМ, Драган Стојановски даде краток осврт на активностите кои беа спроведени во 2009 година. Тој истакна дека благодарение на Примош Дебенак се подобрил квалитето на судиите и КФМ доби 2 нови судии со Европска лиценца Нуредин Месими и Боби Војдиновски. Со помош на Александар Туфекџиевски и Назим Куртовиќ успеа успешно да се реализира едукацијата на тренерите. Претседателот на КФМ, истакна дека Федерацијата има многу добра млада генерација на каратисти на која и претстојат големи успеси.

Собранието на КФМ, едногласно, го усвои Извештајот за работа на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2009 до 31.12.2009 година.

**Точка 4**

Собранието на КФМ, едногласно, го усвои Извештајот на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2009 до 31.12.2009 година.

**Точка 5**

Собранието на КФМ, едногласно, го усвои Финансовиот извештај на Карате федерацијата на Македонија за 2009 година со завршната сметка, за периодот 01.01.2009 до 31.12.2009 година.

**Точка 6**

Собранието го разгледа и едногласно го усвои Предлогот за Изменување и дополнување на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на Македонија, со дополнување на одредени

членови (заради објаснување на кого се однесуваат Дисциплинските мерки), изнесени во дискусијата на Собранието.

**Точка 7**

Собранието едногласно ги прими како членки во КФМ, следните клубови: КК Елдикан-Скопје, КК Скопје-Скопје, КК Викторија-Прилеп и КК Илинден-Брвеница.

**Точка 8**

Собранието, едногласно, за нов член на Извршниот одбор на КФМ, на место на починатиот Мирослав Чадиковски, го избра Елвир Куртановиќ.

Оверувачи на записникот:

1. Шефи Речи
2. Коста Николовски

Записничар,

Ивана Аврамова